10134


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
2. VII. 1969


Пишува Љупка Дамјановска

# Најнови слики и цртежи на Никола Мартиноски

Во текот на јуни Музејот на современа уметност во Скопје организира голема изложба на најнови творби на Никола Мартиновски. Тоа се дела настанати во последните 2—3 години од неговото творештво (1967—1969).

Во Салонот на Музејот изложени се околу 30 слики — масла и темпери на платно и стакло, а во трите сали на Уметничката галерија во Скопје околу 100 цртежи — моливи и креди во боја.

Сликарството на Никола Мартиновски зазема посебно значајно место во рамките на македонската современа ликовна уметност — еден вид ликовна врска меѓу недамното минато и сегашноста. Негувајќи ја реалистичката концепција во своето ликовно изразување и гравитирајќи најчесто кон експресионизмот, во последните дела на Мартиновски еволуира кон една нова фаза. Таа претставува извесна ликовна синтеза на остварувањата од долгогодишниот процес на уметничкиот развиток на авторот.

И овојпат интересот на Мартиновски е насочен кон човечката фигура и најразличните мотиви од секојдневието. На неговите платна и цртежи израснува една широка амплитуда на остварени чевечки ликови: мајка со деца, амплитуда на остварени човечки ликови: мајки со деца, доилки, невести, девојки, портрети, повеќе варијанти на свадби, веселби, комарџии, мртви природи и др. И спрема трагичниот настан во Скопје од 1903 Мартиновски не останува индиферентен. Бројни цртежи авторот има посветено на таа тема. На изложбата презентирано е само едно големо платно посветено за земјотресот — „Во слава на животот". Колористичката гама на уметникот е нешто посмирена и се движи во богата скала на жолти тонови во најразлични нијанси кои одат до океrasти, црвени и зелени акценти, нафрлани пастозно, со смели и брзи потези на четката. Фактурата на сликата на места обработена со динамични и нервозни потези на четката Фигурата е нагласено издолжена. Често добива гротесно, дури и карикатурално обележје. Во фигуралните композиции кај Мартиновски доаѓа до интересни деформации на фигурите, нагласена драматика во ритамот и силни колористични акценти.

Најголем впечаток остава неговиот автопортрет, психолошки продлабочен, вонредно експресивен, едно од најдобрите остварувања на авторот во последните години.

Околу сто цртежи — моливи, креди во боја и темпери на хартија, главно се посветени на неговиот постојан мотив — мајка со дете и доилка. Како симбол на мајчинство — достоинствено се издигнува женската фигура во цртежите на Мартиновски. Тој се соживува со своите модели и нивната внатрешна драма, успевајќи да ги долови нивните најразлични емоционални состојби. Цртежите се изведени слободно, со брзи и смели потези. Линијата, со која ги гради ликовите и определува движењата на обликуваните фигури — е сигурна и вешто изведена. Неговите цртежи често се настанати како подготовка за подоцна реализирани сликарски дела. Но, истовремено, секој цртеж претставува поединечно довршено ликовно дело, уметнички искажано до крај, и од формално-стилски аспекти идентично се експресионистичкиот начин на изразување во неговите сликарски остварувања.